РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-276
17-6 2008 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 95 од Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со член 8 став 1, 2 и 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( Службен весник бр.13/06), ректорот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје донесе:

# О Д Л У К А
## за определување службено лице за посредување со информации

**Член 1**

Со оваа Одлука лицето **Томислав Башевски** се определува за службено лице за посредување со информации при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Ректорот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, како имател на информации.

**Член 2**

Службеното лице за посредување со информации контактира и ги дава потребните информации од јавен карактер со кои располага Ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје согласно со листата на информациии утврдена со Одлука бр. 02-588 од 28.12. 2007 год. и им помага на барателите на информации , за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации,чувањето и давање на информациите, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, друг закон и актите на Универзитетот.

Службеното лице за посредување со информации, по добивањето на барањето формира предмет со сите релевантни податоци со предлог до ректорот да се даде целосна или делумна информација или да се одбие барањето за пристап до информации согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 3**

Ректорот или по негово овластување проректорите и генералниот секретар соработуваат со службеното лице за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 4**

Оваа Одлука се објавува на веб страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Р е к т о р*

Проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски